Бр. 08 - 2592/3
20-10-2020 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на продолжението на 39-тата седница одржано на ден 15.10.2020 година донесе

***Одлука***

Постапката за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на ____________, судија во Основен суд ____________, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот број 08-2131/1 од 29.03.2019 година.

Предметот со број 08-2131/1 од 29.03.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот број 08-2131/1 од 29.03.2019 година е оформен по сопствена иницијатива, а по донесен заклучок на ДКСК на седницата одржана на ден 27.03.2019 година да се изврши проверка на податоците за имотната состојба на ___________, судија во Основниот суд ___________, а врз основа на Извештајот на Стејт Департментот за состојбата со човековите права во Република Северна Македонија во кој се констатирани злоупотреби и кршење на етичкиот кодекс од страна на судијата ______________.

ДКСК, од страна на Министерството за внатрешни работи побара податоци за тоа кои лица имаат место на живеење на улица __________________________.

Од страна на Министерството за внатрешни работи е доставено известување дека на наведената адреса има пријавено адреса на живееење само лицето __________________.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, прибави податоци за имотот на ________________ од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност, Централниот регистар на Република Северна Македонија како и од банките и штедилниците во Република Северна Македонија.

ДКСК, исто така, со допис број 08-2131/43 од 04.12.2019 година, побара од Управата за финансиска полиција, во рамките на нејзините законски надлежности, да изврши проверка на лицето ________________ и на членовите на нејзиното семејство со кои живее во заедничко домаќинство.


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

Управата за финансиска полиција со допис број ________ од 22.07.2020 година, ја извести ДКСК дека од страна на Управата, за лицето ________ и за нејзината мајка ________ се обезбедени податоци од релевантните институции заради утврдување на фактичката состојба и евентуално утврдување на основи на сомнение за сторено кривично дело од надлежност на Управата за финансиска полиција, при што е утврдено дека наведеното лице во периодот на вршење на функцијата судија на Основен суд ________ не се стекнало со несразмерно зголемен имот и од извршениот увид во целокупната обезбедена документација не се констатирани основи на сомнение за сторено кривично дело од надлежност на Управата за финансиска полиција.

ДКСК, по разгледување на прибавените податоци од наведените институции како и по разгледување на известувањето од Управата за финансиска полиција, констатира дека нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: А.Ч., советник
Одобрил: Г.Т. член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk